# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО И РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА

## за период од 2023 до 2026

## Општи податоци за состојбата на Ромската заедница во Северна Македонија

Најкритичните проблеми со кои се соочува ромската заедница се дел од следните области: образование, вработување, здравство и домување.

Проекциите на извештајот на УНИЦЕФ покажуваат дека во Северна Македонија процентот на деца кои живеат во домаќинства чиј животен стандард е значително под националниот просек, е зголемен од 27.8% пред пандемијата на 32.4% по пандемијата. Ова ги става 19.000 деца во Северна Македонија под релативната линија на сиромаштија што е повисоко споредбено на проценката од јули 2020-16.000 деца.[1]

Реален системски проблем е и тоа што училиштата немаат систем за прибирање на податоци за социо-економскиот статус на децата Роми со што би се овозможило проценка на потребата за помош при пристап до соодветно образование.

Кога е во прашање здравството, следните фактори играат голема улога врз пристапот на Ромите до здравствените услуги:

- Оддалеченоста на најблиската болница за 27% од Ромите изнесува два километра, а домовите на околу 12% од ромските домаќинства немаат пристап до асфалтен пат[2]
- Пристап до чиста вода за пиење и одржување на лична хигиена, околу 10% од ромските домаќинства во земјава немаат вода за пиење во внатрешноста на нивните домови, додека во 18% од домаќинствата немаат пристап до канализациски систем[3]

---

[1] https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/not-all-children-are-accessing-vital-services-due-covid-19-pandemic-putting-them

[2] Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

[3] Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

- Лоши услови во кои живеаат и ромски населби најчесто во близина на диви депонии
- Недостиг на финансиски средства придонесе за неможноста за обезбедување на доволно продукти за лична хигиена
- Недоволна информираност за вакцините и процесот на вакцинација.

Анализите укажуваат дека во просек Ромите живеат 10 години пократок живот од општата популација. Краткиот животен век на Ромите е документиран во многу извештаи, при што од резултатите на државниот завод за статистика укажуваат дека 7% од Ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, додека 37% умира на годишна возраст од 45-64 години. Околу 49% умират на возраст од 65-84, при што само 7% доживува 85 години.

Доколку пак спoредиме со старосна пензија само 45% од Ромите може да дочекаат старосна пензија додека кај Не-Ромите во просек процентот изнесува 75%.

Значителен број на Роми имаат проблеми со пристап до здравствени услуги особено лицата кои не се идентификувани во системот, лицата кои немаат лични документи и немаат здравствено осигурување. Последните официјални информации на Министерството за труд и социјална политика зборуваат за бројка од околу 700 лица кои немаат здравствено осигурување заради немање лична документација, но според невладините организации таа бројка е многу поголема.

Според истражувањето на УНДП и Светска банка процентот на Роми кои се вклучени во неформална невработеност опаднал во периодот од 2011-2017 за 26 процентни поени, достигнувајќи 38%.

Според податоците од Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјална политика, во просек 25% од населението работи неформално. Најчеста форма на неформално вработување кај Ромите мажи е во трговија, такси услуги, како и градежништво и земјоделство, додека кај Ромките најчестата форма на вработување е во трговијата и хигиенските услуги. Врз сезонска работа се потпираат многу ромски семејства во летниот период за време на жетварската сезона. Околу 48% од ромските семејства се корисници на социјална помош.[4]

Според податоците од социјалното мапирање од 2018, стапката на вработеност на Ромите изнесува 23%, скоро двојно помала од националниот просек, додека стапката на невработеност на Ромите е рекордно висока на 67%. Кај жените Ромки, стапката на вработеност изнесува 8%.[5]

---

[4]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[5]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

За да се намали невработеноста, во рамки на оперативниот план за вработување, предвидени се мерки за работодавачите да охрабрат да вработуваат Роми или да развиваат сопствени бизниси, како и мерки за зголемување на вештините на невработените. Во просек, околу 3-4% од Ромите биле корисници на активните мерки за вработување во последните неколку години и иако апсолутниот број на корисници Роми се зголемува, релативниот удел на вкупниот број на корисници опфатени со активните мерки за вработување останува непроменет.[6]

Населбите каде што живеат Ромите во Република Северна Македонија 90% се неформални и не се опфатени со Детален Урбанистички План. Тоа со себе повлекува низа на комплексни проблеми како што се: несоодветните услови за живеење, лошата инфраструктура, немање пристап до фекална и атмосферска канализација, немање пристап до вода и електрична енергија.

Ромските семејства најчесто живеат во индивидуални домови, со поголем број на членови во семејството. Во текот на пандемијата таквите семејства имаа сериозни проблеми со простор за изолација и одржување на социјална дистанца кога имаа заболен член од семејството, одржување на соодветна хигиена и заштита.

Според Регионалниот извештај за Роми од 2017спроведен од УНДП за земјите од Западен Балкан, состојбата во делот на инфраструктурата во Република Северна Македонија е следна:

- 10% Роми немаат пристап до вода
- 16% Роми немаат пристап до јавна канализација
- 26% Роми немаат тоалети во домот
- 7% Роми немаат пристап до електрична енергија. [7]

Дополнително како значителен проблем е истакнат проблемот со легализацијата на бесправно изградените домови кај ромската заедница, кое на долг рок креира сериозни последици за животот на ромските семејства.

Според досегашните анализи и податоците од социјалното мапирање, околу 28% од Ромите ги немаат легализирано своите живеалишта поради немање на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Дополнително, граѓаните кои поднеле барања за легализација на нивните објекти чекаат повеќе од 5 години одговор од надлежните институции за статусот на нивното барање.

[6]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[7]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

Следствено, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец. Недостатокот на таков пристап ја прави заедницата маргинализирана, сиромашна и необразована, ограничена во сопствените населби (сегрегирани заедници).[8]

3% од ромските семејства во Северна Македонија немаат пристап до електрична енергија, додека пак 38% немаат пристап до интернет и 51% немаат компјутер. [9]

## Вовед, профил и идентификација на ромската заедница која живее на територијата на Општина Берово

Делувањето на локално ниво е од клучно значење за ефикасно спроведување на политиките и програмите за вклучување на Ромите. Ова е нивото каде исклучувањето е највидливо и каде се потребни практични чекори за вклучување. Главен предизвик за ефикасно спроведување на политиките за инклузија на Ромите на европско и национално ниво е големата разлика во разбирањето, капацитетите и политичката посветеност на општинско ниво.

Со цел успешно вклучување на политиките за инклузија на Ромите во локалната агенда и буџети, од најголема важност е локалната администрација и институциите да го зголемат својот ангажман и посветеност и понатаму да ги развиваат своите капацитети.

Сепак, практикувањето на доброто управување и локалната демократија, исто така, ќе зависат и од инвестицијата во капацитетот на ранливите ромски заедници за да бидат активни учесници и рамноправни партнери во процесот, а не пасивни приматели и цел на патерналистички интервенции кои можат да ја потврдат нивната зависност и исклученост.

[8]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

[9]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

Беровската котлина го опфаќа најисточниот дел од Република Македонија, помеѓу 41° 06" и 41° 53" географска ширина и помеѓу 23° 12" и 22° 37" географска должина. Општината Берово на југ се граничи со општините Ново Село, Босилово и Василево, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, на исток со државната граница на Бугарија. Вкупната површина на општина Берово изнесува 595 км$^2$, а се наоѓа на 800м просечна надморска висина. Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Според пописот на населението во 2002 година, Општина Берово има 13.941 жители. Структурата на населението по пол за општина Берово е 50,4% мажи и 49,6% жени. Општината Берово има вкупно 4.706 домаќинства, со просечен број од 3,1 членови по домаќинство. Според националната припадност, Македонците се доминантни, со 96%, 3% се Роми, а 1% останати.

За бројот на домаќинства и националната припадност од последниот попис во 2021 година согласно првичните резулати објавени на 30.03.2022 година во Општината Берово има вкупно 4.143 домаќинства, со просечен број од 2,6 членови по домаќинство и 8683 станови. Според националната припадност, Македонците се 91% (9925), Роми се 3% (459), 6 % останати. Од нив Роми жени се 178 и мажи 161.

Ромската етничка заедница е сконцентрирана во во ромското мало на улиците ,,Прохор Пчински,, и ,,23 Август,, но има и 16 ромски семсјтва кои се сместени во социјалната зграда во Берово освен тоа околу 5-6 семјства живеат во центарот на градот.

Кај ромската популација невработеноста е нешто повеќе од 50% од вкупниот број на работоспособни Роми, а што е резултат на трансформацијата на претпријатијата од општествена и приватна сопственост при што се затворени најголем дел од претпријатијата, а тие што работат се под или на границите на ликвидноста. Моменталната ситуација не е многу изменета поради високата стапка на внатрешната и надворешната миграција и нискиот наталитет кој ја карактеризира општината и ја става во редот на општини во кои доминира постаро население.

Најголем дел од невработените лица средствата за егзистенција ги обезбедуваат преку користење на гарантирана минимална помош или преку самостоен приватен ангажман, голем дел се вработени претежно жените Ромки во текстилните производствени приватни фирми.

Од ромска етничка заедница нема вработени лица во ПЕ на Фондот за здравство, Агенцијата за вработување, Центар Берово, Регионалниот Центар за Управување со Кризи, ПЕ на Министерството за правда, ПЕ на Министерството за економија, Државна Агенција за Катастер на недвижности, Матична служба, ПЕ на Дирекцијата за заштита и спасување, ПЕ на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Вработени има во Центарот за социјлни работи, Здравен дом, Детска градинка, Дом за стари лица, Дом на културата и Јавно комунално претпријатие .

Според евиденцијата во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар Берово заклучно со 31.05.2022 година вкупно се евидентирани 1208 лица активни баратели, од кои вкупно Роми се 171 лице, од нив 72 лица се жени и 99 мажи.
Постои отсуство кај ромската етничка заедница на претприемачки дух (корисниците на правата преку Агенцијата за вработување се евидентираат само како корисниците на тие права без простор за размислување за сопствен ангажман во малиот и средниот бизнис. Експлотацијата и недоволно платениот труд создаваат дополнителна незаинтересираност). Ако се земе во предвид раното стапување во брачна и вонбрачна заедница на жената-ромка, раѓањето на повеќе деца почнувајќи од рана возраст, произлегува проблемот на нејзина слаба заинтересираност за вработување и од причини што нема кој да им ги чува децата, а капацитетот на Детската градинка е многу мал.

Постои потреба за измена на Детален Урбанистички План (ДУП) на Берово и ажурирање и интервенции на улиците на кои претежно живеат Ромите. Потребата за измена и ажурирање на ДУП произлегува и од Законот за бесправно изградени објекти.

Образовното ниво и здравствениот статус на Ромите во Берово отсекогаш биле подобри во споредба со другите општини иако и на тоа поле има уште да се работи за да се постигне целосна интеграција. Карактеристично е непознавањето на законската регулатива за правата и обврските поврзани со образованието. Тоа негативно влијае на дел од ромската етничка заедница и предизвикува отсуство на дел од децата (постојано/делумно). Основна причина за ваквата појава се смета и слабиот степен на информираност односно ниската свест на родителите за потребите на образованието. Не помала пречка за вклучувањето на ромските деца во образованието е и нереалното декларирање на образованието како бесплатно. Постои и потреба од подобрувањето на успехот и редовноста кај учениците Роми во основното и средното образование. Бројот на запишани ученици во високообразовните установи е подобрен во однос на претходниот период. Сепак сеуште многу мал број Роми се одлучуваат да студираат. Потребно е мотивирање на Ромите за студирање со доделување на степендии, кредити со поддршка кои би биле директно обезбедени од Министерство за образование и наука. Овде како проблеми се јавуваат и дисконтинуитетот на програмите за степендирање како и непостоењето на стандазираните критериуми за доделување на степендии. Проблеми поврзани со високото образование се долгото студирање како и се почестото напуштање на студиите.

Во последните десет (10) години се зголеми бројот на полнолетни Роми кои го докомплетирале своето основно и средно образование. Се работи за лица кои започнале да учат во основни и средни училишта,го прекинале школувањето и не го завршиле. Сепак постои потреба за иницијатива и поддршка на Ромите да го комплетираат своето образование бидејќи без тоа не се во состојба да се вклучат на пазараот на труд и да си обезбедат сигурна егзистенција. Загрижува фактотот на бројот на полнолетни неписмени Роми кои како модел (бидејќи се родители) често имаат негативно влијаат на односот на децата кон образованието.

Во здравство како сегмент, дел од ромската етничка заедница покажуваат одредени специфичности кои се разликуваат од генералната национална слика на здравствената состојба која се должи пред се на лошите услови на живеење, недоволното образование, загаденоста на средината во која живеат, лошата исхрана.

Во учебната 2021/2022 година во ОЈУ Детска градинка “23 Август,,- Берово запишани се вкупно 235 деца од кои на возраст до 3 години вкупно 34 деца, на возраст од 3 години до 6 години се вкупно 88 деца. Од ромска етничка заедница се вкупно 12 деца на возраст од 0 години до 6 години од кои 7 машки деца и 5 женски деца.
Во учебната 2021/2022 година во ОУ “Дедо Иљо Малешевски,, - Берово запишани се вкупно 676 ученици од кои 347 ученици се од машки пол и 329 ученици се од женски пол. Од ромска етничка заедница се вкупно 66 ученици од кои 36 ученици се од машки пол и 30 ученици се женски пол.
Во учебната 2021/2022 година во ОСУ “Ацо Русковски,, - Берово се вкупно 366 ученици од кои 168 ученици се од машки пол и 198 ученици се од женски пол. Од ромска етничка заедница се вкупно 32 ученици од кои 15 ученици се од машки пол и 17 ученици се женски пол.

Како докумени кои се изработени и директно ја таргетираат ромската заедница од страна на Општина Берово се:
*Локалниот Акционен План за имплеметација на Декадата на Ромите во општина Берово се базира на двете јавни политики за Ромите кои се спроведуваа во Република Македонија и тоа: Декада за вклучување на Ромите 2005 година-2015 година,како регионална политика прифатена од Владата на Република Македонија и националната Стратегија за Роми 2014 година-2020 година, како државна јавна политика изработена од страна на Владата на Република Македонија и кој има поддршка од страна на Собранието на Република Македонија.
*Локалната Самоуправа-Берово во соработка со Министертсво за труд и социјална политика на Република Македонија и ЕПТИСА конзорзцумот се изработени
*Локалните акциони планови се областите за вработување,домување,образование и здравство кои се однесуваат за период 2017 година до 2020 година и се усвоени од страна на Општина Берово како официјални документи.

Како докумени кои се изработени (секоја година и се донесуваат на Совет на Општина Берово) и кои индиректно ја таргетираат ромската заедница од страна на Општина Берово се:

- Предлог Програма за располагање со градежно земјиште
- Програма за заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња
- Програма за заштита од штетено дејство на водите
- Програма за зимско одржување на локални улици и патишта
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување

- Програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
- ПРОГРАМА за јавно зеленило
- Програма за комунални дејности
- Програма за култура
- Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности
- Програма за поддршка на локалниот економски развој
- ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ
- Програма за развој на спортот
- ПРОГРАМА за СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
- Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести
- ПРОГРАМА уредување на градежно земјиште
- Програмата за ЈАВНА ЧИСТОТА

За 2022 година во Буџетот на Општина Берово се предвидени 312.690.000 денари од кои 2.050.000 за социјална заштита и 18.126.742 денари за изградба на улици.

# Важни податоци за Општината:

| Вкупен број на Роми жители на општината | Населби во кои живеат Ромите | Вработени Роми по институции | Број на деца Роми вклучени во градинки за последна учебна година 2021/2022 | | Број на деца Роми запишани во основно училиште во последна учебна година 2021/2022 | | Број на деца Роми запишани во средни училишта во последна учебна година 2021/2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3% | Ромската етничка заедница е сконцентрирана во во ромското мало на улиците ,,Прохор Пчински,, и ,,23 Август,, но има и 16 ромски семејства кои се сместени во социјалната зграда во Берово, а освен тоа околу 5-6 семјства живеат во центарот на градот | ЈУ МЦСР Берово - 2 Роми архивар и човечки ресури на позиција референт, во домот за стари лица ОЈУЗСЛ Др Иван Влашки во Берово 1 лице неговател/геренто домаќин, во ЈПКР Услуга Берово 19 лица, во Здравен Дом Берово 2 лица медицински сестри, во детска градинка ОЈУДГ 23 Август 1 лице, во Дом на културата Димитар Беровско 1 лице, Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост 1 лице физиотерапевт, 1 лице државен службеник при Валада согласно рамковен договор, 1 лице образовен медијатор во ООУ Дедо Иљо Малешевски во Берово. | 12 | | 66 | | 32 | |
| | | | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски |
| | | | 7 | 5 | 36 | 30 | 15 | 17 |

| | Вкупен број на членови | | | Вкупен број на млади |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | |
| Членови на Акциска Група на заедница | 20 | 8 | 12 | 12 |
| Членови на Институционална работна група | 20 | 9 | 11 | 8 |
| Членови на Општинска Работна група | 12 | 3 | 9 | 5 |

# Планирани цели и резултати на локалниот акциски план (ЛАП)

## Урбанизам, домување, основни услуги

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Изградба на крак за отпадни води н на ул. 23 Август и крак на улица Прохор Пчињски во ромско маало | Подобрување н комуналната инфраструктура и условите за живот во ромската заедница.<br><br>Подобрување на пристапноста и поврзаноста на ромската заедница со градското поддрачје во Општина Берово | Програма за улици и патишта и уредување на герадежно земјиште на општина Берово | Општина Берово | Септември 2022 – Септември 2023 | 2.500.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.Северна Македониј а | Изграден крак за отпадни води во ромското маало со должина од 300 метри | Извештаи на Општина Берово |
| 2 | Реконстукција и санација на 5 куќи на ранливи категории на ромски семејства изложени на елементарни непогоди | Обезбедување на мин.услови за домување за 5 семејства од социјално загрозени семејства | Програма за ЛЕР и програмата за домување | Општина Берово | Септември 2023 – Септември 2024 | 3.000.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.Северна Македониј а | Реконструира ни 5 куќи на ранливи семејства | Извештаи на Општина Берово |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други | Надлежни | Временска | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Реновирање на постоечко игралиште во ромско маало во Берово | Обезбедување на основните услови за развој на ромската заедница | Програма за урбанистичко планирање | Општина Берово | Септември 2022 – Септември 2023 | 600.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.северна Македониј а | Реновирано игралиште во ромското маало | Извештаи на Општина Берово |
| 4 | Изградба на сала со надворешен парк во ромско маало | Подобрување на условите за спорт и рекреација во ромската заедница | Програма за животна средина и комунални работи Програма за уредување на градежното земјиште Програма за ЛЕР | Општина Берово | Јули 2024 – Септември 2026 | 30.000.000,0 0 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.северна Македониј а | Изградена сала со надворешен парк во ромско маало | Извештаи на Општина Берово |
| 5 | Доделување на помош во износ од 3.000 евра по домаќинство за делумно реновирање (ПВЦ прозори, тоалет, итн.) на домовите на 5 социјално загрозени ромски семејства годишно | Подобрување на услови за домување за 5 семејства од социјално загрозени семејства | Програма за ЛЕР и програмата за домување | Општина Берово | Септември 2023 – Септември 2025 | 1.000.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.Северна Македониј а | Доделена помош за делумно реновирање на домаќинство на социјално загрозени ромски семејства | Извештаи на Општина Берово |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други | Надлежни | Временска | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Реконструкција на крак од улица Прохор Пчински | Реконструирана улица во должина од 80 метри со бехатон елементи | Програма за улици и патишта и уредување на герадежно земјиште на општина Берово | Општина Берово | Септември 2023 – Септември 2024 | 1.000.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.северна Македониј а | Реконструира на улица во должина од 80 метри во ромското маало | Извештаи на Општина Берово |
| 7 | Реконструкција на крак 2 од улица Прохор Пчински (дел1, дел2 и дел3) | Реконструирана улица во должина од 150 метри со бехатон елементи | Програма за улици и патишта и уредување на герадежно земјиште на општина Берово | Општина Берово | Септември 2023 – Септември 2024 | 1.500.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.северна Македониј а | Реконструира на улица во должина од 150 метри во ромското маало | Извештаи на Општина Берово |
| 8 | Изградба и продолжување на постоечка улица Прохор Пчински 2 фаза | Изградена улица во должина од 296,59 метри со бехатон елементи | Програма за улици и патишта и уредување на герадежно земјиште на општина Берово | Општина Берово | Септември 2024 – Септември 2026 | 5.000.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Влада на Р.северна Македониј а | Изградена улица во должина од 300 метри во ромското маало | Извештаи на Општина Берово |

## Борба против дискриминација на Ромите

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Учество во национална кампања за осуда на праксите за забрана на пристап на Ромите во јавни објекти/локали (базен, ресторан, кафе бар, итн.) | Подобрување на услови за живот и слободно движење на Ромите до сите јавни објекти/локали | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Берово | Септември 2022 – Јуни 2023 Септември 2023 – Јуни 2024 | 150.000,00 | Во рамки на постоечка програма на Општината<br><br>Влада на Р.Северна Македонија | Слобода за движење на Ромите во сите јавни објекти/локали | Извештаи на Општина Берово (периодични)<br><br>Извештаи од реализирани активности |

## Образование

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Вклучување на мин 20 деца Роми во предшколско образование за семејства корисници на ГМП и зголемување на бројот на деца од мин 2% | Зголемен број на деца Роми (кои ја плаќаат услугата) во градинка | План и програма за опфат на децата во градинката<br><br>Одлука од Совет или Градоначалник | Општина Берово<br><br>ЈОУДГ „23 Август“ Берово | Септември 2022 – Јуни 2023 Септември 2023 – Јуни 2024 | 600.000,00 | Во рамки на постоечка програма на Општината | Број на запишани деца кои посетуваат настава (со плаќање на надоместок) во детската градинка од кои 50% да бидат девојчиња. | Периодични извештаи ЈОУ Детска градинка „23 Август“ Берово |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки | Надлежни институции | Временска рамка (од- | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Обука за наставници од основно и средно образование за антидискриминација и говор на омраза и антициганизам | Зголемување (целосен) опфат на учениците Роми во основното и средното образование, со опфат од над 90% во основното и 80% во средното образование.<br><br>Зголемена свесност, одговорност и активно учество на учениците Роми во воспитно образовниот процес<br><br>Активна соработка и учество на родителите Роми со воспитно образовниот и стручен персонал во основното и средното образование. | Програма за поддршка на образованието во Општина Берово<br><br>Локален акциски план за образование (треба да се ревидира и повторно усвои)<br><br>Годишни поограми на основните и средните училишта<br><br>Годишни програми и извештаи на локалните граѓански здруженија кои работат со ученици Роми | Општина Берово<br><br>Општинските основни и средни училишта во Општина Берово<br><br>Бирото за развој на образоваиет о<br><br>Просветен Инспекторат | Септември 2022 – Јуни 2023 | 300.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Домашни и меѓународн и донатори | Извештаи и списоци за бројната состојба на учениците Роми во основните и средните училишта (периодични, полугодишни и завршни)<br><br>Извештаи на Општина Берово (периодични)<br><br>Извештаи од реализирани активности на ромските граѓански здруженија. Општина Берово<br><br>Извештаи од просветен инпекторат | Општина Берово<br><br>Основни и средни училишта од Општина Берово<br><br>Просветен инспекторат<br><br>Локални граѓански организации |
| 3 | Обуки на наставници во основно и средно образование за користење на дигитални платформи за | 20 обучени наставници | Програма за образованието во Општина Берово | Општина Берово<br><br>Општинските | Септември 2022 – Јуни 2023 | 150.000,00 | Буџет на Општина Берово | Извештаи, фотографии, сттатии, листа на присутни | Општина Берово, НВО и други институции |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки | Надлежни институции | Временска рамка (од- | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | е учење | | поддршка на<br><br>Локален акциски план за образование 2019 -2022 (треба да се ревидира и повторно усвои) | основни и средни училишта во Општина Берово<br><br>Бирото за развој на образоваиет о<br><br>Просветен Инспекторат | | | Домашни и меѓународн и донатори | | |
| 4 | Обуки на родители за користење на дигитални платоформи за е-учење | 30 родители со стекнати вештини за користење на дигитални платформи за е-учење | Програма за образованието во Општина Берово поддршка на<br><br>Локален акциски план за образование 2019 -2022 (треба да се ревидира и повторно усвои) | Општина Берово<br><br>Општинските основни и средни училишта во Општина Берово<br><br>Бирото за развој на образоваиет о<br><br>Просветен Инспекторат<br><br>Ромските НВО-а | Септември 2022 – Јуни 2023 | 150.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Домашни и меѓународн и донатори | Извештаи, фотографии, статии, листа на присутни | Општина Берово, НВО и други институции |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки | Надлежни институции | Временска рамка (од- | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Доделување на стипендии за ученици Роми од основно и средно образование од кои минимум едено девојче и едно машко | (4 ученици на годишно ниво)<br>Идентификување на подобри и талентирани ученици Роми во средното образование<br><br>Зголемена мотивираност за постигнување на повисоки резултати кај учениците Роми<br><br>Подобрување на просекот на образовното ниво кај учениците Роми во средното образование | Програма за образованието во Општина Берово поддршка на<br><br>Локален акциски план за образование 2019 -2022 (треба да се ревидира и повторно усвои) | Општина Берово<br><br>Општинските и средни училишта во Општина Берово<br><br>Ромските НВО-а | Септември 2023 – септември 2026 | 160.000,00 | Буџет на Општина Берово | Извештаи на Општина Берово | Општина Берово |
| 6 | Кариерно насочување на ученици Роми за упис на факултети | Поголема информиранот на на учениците за можностите за запишување на факултет<br><br>Помош при насочување на матурантите за идна професија | Програма за образованието во Општина Берово | Општина Берово<br><br>средни училишта во Општина Берово<br><br>Ромските НВО, Локални фирми | Април 2023 и Април 2026 | 300.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Домашни и меѓународни и донатори | Број на запишани студенти Роми / од кои соодветен % ќе бидат девојчиња | Општина Берово |
| 7 | Стипендии на Роми за упис на факултети | 2 ученика на годишно ниво во висина од 2,200 ден.<br><br>Можност за завршување на Високо образование и полесно вработување | Програма за Образование при Општина Берово<br><br>МОН | Општина Берово<br><br>Министерство за образование | Септември 2023-2026 | 160.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Министерство за | Број на дипломирани студенти/ соодветна % родова застапеност | Општина Берово |

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки | Надлежни институции | Временска рамка (од- | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | образовани е и наука | | |
| 8 | Организирање на дополнителна настава за дооформување на образвание за деца Роми и вклучување во редовен образовен процес | Зголем број на завршени лица со средно образование | Програма за образование на Општина Берово | Општина Берово<br><br>средни училишта во Општина Берово<br><br>Ромските НВО-а | Септември 2023-2026 | 200.000,00 | Буџет на општина Берово | Број на лица кои го дооформиле своето образование % родова застапеност | Општина Берово |

## Вработување

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање / Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Комплетирање на четврти степен формално средно образование кај 3 возрасни Роми и нивно вработување во локални фирми | -Вклучени возрасни Роми во програма за дообразование<br>- Спроведена програма за дообразование | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина | Јануари 2023-Јуни 2024 | 122.850,00 | Во рамки на постоечка програма и Буџет на Општината | - 3 возрасни Роми со завршено средно од кои 1 да биде жена | Извештај од АВРСМ |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - Доделени дипломи за комплетирани средно образование<br>- Решение/договори за вработување на возрасни Роми | | | | | | образование<br>- Вработени 3 возрасни Роми од кои 1 да биде жена | |
| 2 | Спроведување на туторска настава за најслабите 30 ученици Роми кои се вклучени во 2, 3 и 4 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех како последица од КОВИД 19 | - Јавен повик за ангажирање на тутори<br>- Листа на идентификувани ученици со слаб успех<br>- Равиена туторска програма<br>- Број на реализирани туторски часови | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина и локални основни училишта | Јануари 2023-Јуни 2024 | 275.940,00 | Во рамки на постоечка програма и Буџет на Општината | - Број на вклучени деца во туторската настава од кои 50% да бидат девојчиња<br>- ангажирани 5 тутори за спроведување на туторската настава<br>- Број на реализирани туторски часови<br>- Најмалку 65% од учениците го зголемиле нивниот успех | - Договори за ангажирани тутори<br>- Извештај од основните училишта за реализација на туторската настава<br>- Свидетелства од учениците<br>Слики од настани |
| 3 | Организирање на информативни и консултативни | - Организирани информативни и консултативни | Национална Стратегија за Роми 2022- | Општината, работодавачи и бизнис | Јануари 2023-Јуни 2026 | 189.000,00 | Во рамки на постоечка програма и | - Број на реализирани средби | - Листи на присутни<br>- Записници од |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | средби со млади и возрасни невработени Роми со локални работодавачи/бизниси агенција за вработување за информирање за можностите за вработување на локално ниво како и потребни квалификации за да можат соодветно да се вработат во постоечките бизниси и стопанство на локално ниво | средби со млади и возрасни Роми со работодавачите<br><br>- Изготвена листа на фирми вклучени во процесот<br><br>- Развиена дата база на заинтересирани млади и возрасни Роми за нивно вработување | 2030 | компании и Ромски НВОи | | | Буџет на Општината | - Број на присутни млади и возрасни Роми од кои 50% да бидат жени<br>- Број на фирми заинтересирани за да го поддржат вработување на Ромите на локално ниво | средби<br>- Слики од средби |
| 4 | Вработување на 5 млади и возрасни невработени Роми во приватни компании на локално ниво на најмалку една година | - Вработени 5 млади и возрасни Роми | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општината и Центарот за вработување | Јануари 2023-Јуни 2024 | 1.553.580,00 | Во рамки на постоечка програма и Буџет на Општината | - Број на вработени лица од кои соодветен % да бидат жени | - Договори за вработување лица од ромската заедница на најмалку една година |
| 5 | Вклучување на 10 млади и возрасни невработени Роми преку активните мерки за вработување и нивна инклузија на пазарот на трудот | - 10 млади и возрасни Роми вклучени во активните мерки за вработување<br>- Подобрени вештините и квалификациите<br>- Вработени | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општината и Центарот за вработување | Јануари 2023-Јуни 2024 | 3.024.000,00 | Во рамки на одобрен Буџет на АВРСМ за имплементација на Оперативен план за вработување за 2023 година | - Број на млади Роми вклучени во активните мерки за враотување од кои 50% да бидат жени<br>- 70% од вклучените ги | - Договори за практиканство за 10 млади Роми Решение/договор за вработување за 5 млади Роми во |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | млади и возрасни Роми кои успешно ја завршиле програмата | | | | | | зголемиле нивните вештини и квалификации<br>- Вработени 50% од младите и возрасните Роми кои учествувале во програмата | приватни фирми на најмалку 6 месеци |
| 6 | Организирање на тренинзи за 120 млади Роми за јакнење на нивните вештини за активно барање на работа (ЦВ, интервју, мотивациско писмо) и да бидат поконкурентни на пазарот на трудот | -Развиена програма за тренинг<br>-Листа на идентификувани млади Роми<br>-Спроведени тренинзи млади Роми на локално ниво<br>-Најмалку 70% од учесниците ги зголемиле нивните вештини и знаења за активно барање на работа | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина | Јануари 2023-Јуни 2025 | 151.200,00 | Во рамки на постоечка програма и Буџет на Општината | - Број на идентификувани млади<br>- Број на вклучени млади<br>- Број на реализирани тренинзи<br>Број на учесници кои го подобриле нивните вештини и знаење<br>Број на вклучени жени во програмата (минимум 50%) | - Листи на присутни<br>- Записници од средби<br>- Слики |

## Здравје

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање / Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Обезбедување на редовни бесплатни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје како резултат на КОВИД 19 | - Идентификувани социјално загрозени семејства<br>- Спроведени редовни бесплатни прегледи<br>- Најмалку 80% од семејствата добиле навремена превентивна заштита и советување | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општината и Здравствени от дом | Јануари 2023-Јуни 2024 | 94.500,00 | Во рамки на постоечки програми на Министерство за здравство за обезбедување на бесплатни прегледи | - Број на посетени семејства<br><br>- Број на спроведени бесплатни прегледи<br><br>-Број на семејства кои добиле соодветна навремена превентивна заштита<br><br>-Број на жени кои добиле соодветен преглед | Извештаи од здравствениот дом и општината<br><br>Листа на посетени семејства<br><br>Слики од посетите |
| 2 | Организирање на информативни кампањи и средби со ромската заедница за подигнување на свеста за важноста од вакцинирање од вирусот КОВИД 19 | - Организирани информативни средби со заедницата на локално ниво<br><br>- Спроведени теренски посети во | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина, Здравствен дом и ромски НВОи | Јануари 2023-Јуни 2024 | 75.600,00 | Во рамки на постоечка програма на Министерство за здравство | - Број на реализирани информативни средби<br>- Број на присутни на средбите<br>- Зголемен број на вакцинирани од КОВИД 19 | Записници<br>Листи на присутни<br>Слики |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | како и спроведување на редовни прегледи | ромските населби | | | | | | - Број на жени кои учествувале на средбите и добиле соодветна информација | |
| 3 | Обезбедување на приклучок до питка и квалитетна вода за најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на водоводна мрежа | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина и Јавно претпријатие за комунална хигиена | Јануари 2023-Јуни 2024 | 110.250,00 | Во рамки на постоечка програма и буџет на ЈКП | Број на приклучени социјјално загорзени семејства на водоводна мрежа | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на водоводна мрежа |
| 4 | Обезбедување на приклучок до фекална канализација на најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на главна фекална мрежа | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина и Јавно претпријатие за комунална хигиена | Јануари 2023-Јуни 2024 | 110.250,00 | Во рамки на постоечка програма и буџет на ЈКП | Број на приклучени социјјално загорзени семејства на фекална мрежа | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на фекална мрежа |
| 5 | Обезбедување на приклучок до електрична енергија на најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на електрична енергија | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина и ЕВН | Јануари 2023-Јуни 2024 | 157.500,00 | Во рамки на постоечка Програма на Владата и Локалната самоуправа | Број на приклучени социјално загорзени семејства на електрична енергија | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на електрична енергија |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | и хигиенски услови | | | | | | | | |
| 6 | Изготвување на стратегија и акциски план за општината за раководење со ризици и природни непогоди со цел овозможување на стратешки систем за менаџирање на евентуални слични ситуации како КОВИД 19 и ублажување на последиците кон ранливи групи на граѓани како што се Ромите | - Организирани консултативни средби на општинско ниво<br>- Формирана работна група за развивање на стратегијата<br>- Развиена стратегија и акциски план за раководење со ризици | Стратегија за Роми 2022-2030 | Општината | Јануари 2023-Јуни 2024 | 189.000,00 | Во рамки на постоечка програма и Буџет на Општината | Усвоен План за ризик за ранливи групи на локално ниво во случај на кризи | Усвојување на планот на Совет на општина |

# Култура

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Организирање на 8 Април меѓународен ден на Ромите | Зголемено промовирање на културните вредности на ромската заедница во Општина Берово<br><br>Подобрување на меѓуетничкиот соживот и намалување на културните разлики помеѓу граѓаните | Програма за култура на Општина Берово | Општина Берово<br><br>Ромски НВО-а | 2023-2026 Април | 200.000,00 | Буџет на Општина Берово<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Берово<br><br>Извештаи на ромски НВО-и | Општина Берово<br><br>Ромски граѓански здруженија |

*Овој документ е подготвен во рамките на Проект на УСАИД за инклузија на Ромите имплементиран од Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.*

*Овој документ и дел од активностите утврдени во истиот се изработени согласно меморандумот за разбирање (МзР) потпишан помеѓу Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политика и Општина Берово во рамките на имплементацијата на програмата ROMACTED Фаза II, заедничка иницијатива на Европската комисија (DG NEAR) и Советот на Европа, спроведувана во Западен Балкан и Турција, 2021-2024 година. Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на Европската унија и Советот на Европа*